# ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

ГЕВГЕЛИЈА

Април, 2025 - Број 107



# СОДРЖИНА


Стр. 3
**Тема**

Стр. 4-7
**Интервју**



Стр. 8-9
**Гевгелија-град на културата**



Стр. 10-13
**Актуелно**



Стр. 14-17
**Хроника**



Стр. 18-20
**Култура**



Стр. 21-23
**Млади**



Стр. 24-25
**Спорт**



Стр. 26-27
**Мозаик**




# ДЕФИЛЕ

Над 150 дечиња, со дефиле низ градските улици, свечено го означија почетокот на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“. Децата, членови на Драмската и Ликовната секција, Секцијата за тапан и гитара, Фолклорниот ансамбл „Бојмија“, Танцовото студио „Мистик“ и Детскиот музички фестивал „Калинка“ при Пионерскиот дом, разиграно најавија дека нивниот роден град ќе биде епицентар на културните настани во 2025 година. Маскирани во пантомимичари, облечени во народни носии и со маички „Калинка“, со транспаренти „Културата нè обединува“, „Поддржете ги уметниците“, „Фолклорот се чува со негување“, „Повелете во Музеј“, „Посетете театарска претстава“, најмладите ги повикаа своите сограѓани да ги проследат културните настани...



# ГЕВГЕЛИЈА - КУЛТУРНО МЕСТО ЗА ЖИВЕЕЊЕ

По четиринаесет години, Гевгелија повторно е прогласена за Град на културата. Престижна манифестација во земјата, која ги афирмира градовите со збогатено културно живеење, но и со забележлив развоен подем. Во културната престолнина, годинава, се најавени над стотина културни настани од скоро сите културни жанрови, наменети за скоро сите возрасти на на граѓани. Последниве години, културниот подем на Гевгелија, секако, се должи на збогатената и квалитетна понуда на културни настани на гевгелиските културни установи. Но, и поддршката од локалната самоуправа за зачувување на културната традиција, а уште повеќе за афирмација на младите таленти на културен план.

Во Гевгелија е веќе вообичаено да се бара карта повеќе за театарски премиери или гостувања на националните театри од земјата. Концертите на сите видови музика имаат своја публика, како и книжевните вечери посветени на афирмирани и нови автори. Ликовниот живот е разновиден и збогатен со бројни изложби на познати македонски и гевгелиски ликовни творци, но, и интересни ликовни презентации. Новина е и збогатената културна програма за најмладите, преку презентирање на разновидни жанрови, во сопствена продукција или преку гостувања на театарски и музички ансамбли.

Свој придонес за збогатениот културен живот имаат и бројните здруженија на граѓани и самостојни уметници, кои придонесоа за афирмација на Гевгелија надвор од границите на земјата. Било да се работи за фолклорот, хорското пеење, аматерскиот театар или пак учеството на бројни меѓународни ликовни натпревари. Значително е збогатена и понудата на нови книжевни дела од автори, кои потекнуваат од Гевгелија. За ваквиот културен подем од посебно значење е финансиската поддршка на Општина Гевгелија за одржаните културни манифестации. Преку Програмата за финансирање на културни програми и проекти во 2025 година се обезбедени 8,3 милиони денари за реализација на над 40-ина културни настани и проекти.

Дополнително, локалната самоуправа ги поттикнува младите за едуцирање и организирање преку неколку драмски, музички, ликовни и литературни секции, согласно нивните афинитети. А, резултатите од ваквите форми на културно наобразување се видливи и презентирани пред гевгелиската публика на одржаните концерти, театарски претстави и ликовни изложби. Во исто време, Гевгелија стана препознатлива и по неколку традиционални културни настани, кои привлекуваат се поголемо внимание и публика. Почнувајќи од Детскиот музички фестивал „Калинка", алтернативниот „БОШ" Фестивал, Меѓународната ликовна колонија „Аполонија", богатото со настани „Гевгелиско културно лето", разновидната Седмоноемвриска и културна програма за Спасовден, па сè до манифестацијата




„Вкуси го југот", која прераснува во гевгелиски бренд.

Но, Гевгелија не е само место за културно живеење, туку и место за пријатен престој на туристи и гости од соседството, од кои дел веќе се одлучуваат за времено престојување овде на југот. Во прв ред, поради пријатната медитеранска клима и сончевите денови без магла, но и поради богатата здравствено-рекреативна, гастрономска и културна понуда. За поттикнување на ваквата заинтересираност за времено настанување во Гевгелија на грчки, македонски и државјани на други земји, поради поволните станбени услови и цени, секако. се неопходни и други предуслови. Пред сè, решени основни инфраструктурни потреби во градот, од подобрување на сообраќајната и комуналната инфраструктура, па сè до поефикасната заштита на животната средина.

Гевгелија доби нов урбан парк, прв инклузивен парк и спортско-рекреативен центар кај Топлик, кои значително ги зголемија можностите за одмор и рекреација. Исто така, доби и Атлетска патека според светски стандарди, како и бројни уредени спортски терени за возрасните и за најмладите. Наскоро, влезот во Гевгелија ќе биде сообраќајно и урбано реконструиран, а Старата чаршија ќе го добие стариот сјај. Ваквите чекори, несомнено, ќе бидат во функција на очекуваниот прилив на туристи и патници по отворањето на двата големи трговски центри што се градат на влзот во градот и крај преминот Богородица.

Гевгелија со сите маани, полека станува пријатно и културно место за живеење!

**Андон Сарамандов, градоначалник на општина Гевгелија**

# КУЛТУРЕН, НО И ИНВЕСТИЦИСКИ НАПРЕДОК

*- Во 2025 година, продолживме со исто темпо на реализација на капиталните проекти, преку финиширање на веќе започнатите, но и со реализација на финансиски заокружените нови проекти*

***Што значи прогласувањето на Гевгелија културна метропола во земјата?***

- Прогласувањето на Гевгелија за град на културата претставува посебна чест, не само за локалната самоуправа, туку и за сите граѓани. Бидејќи Министерството за култура и туризам, по вторпат, ѝ ја дава довербата на Општина Гевгелија да го реализира овој проект од национален интерес и градот да биде домаќин на бројни културни настани и манифестации. Но, претставува и обврска затоа што Општината, заедно со културните институции на локално ниво има сериозна одговорност, да го изменаџира и координира целиот проект, кој ќе понуди разновидни културни настани во текот на годината. Како локална самоуправа во изминатите три години бевме успешни во делот на организирање и промоција на многубројни културни настани во нашиот град. Општина Гевгелија дава целосна логистичка и финансиска поддршка на традиционалните културни манифестации, на културните друштва и уметници, кои се репрезенти на Гевгелија, но и на бројните проекти на младите и здруженијата на граѓани. На тој начин создаваме можности младите организирано времето да го минуваат во негување на талентот за музика, драма, фолклор, литература и ликовна уметност.

***Гевгелија годинава ќе биде во знакот на културата, но секако и на други значајни инвестициски зафати?***

- Моја заложба е Гевгелија да биде уште поатрактивна културна и туристичка дестинација, но, истовремено, и инфраструктурно уредена општина. Затоа, во 2025 година продолживме со исто темпо на реализација на капиталните проекти, преку финиширање на веќе започнатите, но и започнување со реализација на финансиски заокружените нови проекти. Проектот кој за мене беше од голем приоритет, деновиве ќе влезе во завршна




фаза на реализација. Тоа е изградбата на Западен булевар, со што Гевгелија ќе добие продолжување на булеварот со обиколница и конечно решение на сообраќајниот хаос пред училиштето „Крсте Мисирков“. Изградена е нова детска градинка, каде што во наредната учебна година ќе можат да се згрижат нови 130 дечиња во градот. Градежните активности и партерното уредување веќе се завршени, а преостанува да се изврши внатрешно опремување на градинката. Во тек е реконструкцијата на најстарата спортска сала во Гевгелија - ДТВ „Партизан“, која отсекогаш претставувала репрезентативен објект за бројни настани. По нејзината реконструкција, Гевгелија ќе добие ново мултифункционално спортско катче за повеќе спортови.

***Со кои проекти Општина Гевгелија аплицираше на повикот на Владата на РМ?***

Финансиската поддршка од Владата не претставува само европски пример за одличната соработка помеѓу државата и општините туку и за нас е посебно значајна, бидејќи со оваа помош започнавме со реализација на големи капитални проекти. Тоа пак ни овозможува дел од сопствените средства да ги пренасочиме во реализација на други помали зафати. На првиот повик од програмата на Владата на РМ за локалните заедници аплициравме со три поголеми проекти, реконструкција и реставрација на Старата чаршија во Гевгелија, со изградба на нов партер и со замена на сите подземни инсталации, која допрва претстои. Додека на влезот во Гевгелија наскоро започнува изградбата на нов брзодинамичен кружен тек, кој заедно со реконструкција на булеварот и надпатникот, целосно ќе го смени ликот на градот. На вториот повик од Владата на РМ аплициравме со осум нови проекти, главно, од областа на на животната средина, кои ги решаваат долгогодишните проблеми на граѓаните во градот и во населените места. Но, истовремено овозможуваат и подобрување на условите за нови инвестиоциони вложувања. Таквата клима овозможи во Гевгелија во моментот да се градат два нови трговски центри, едниот во близина на граничниот премин Богородица, на површина од 7.500 м², а другиот на влезот во Гевгелија, на површина од скоро 20.000 м². Овие два нови трговски центри ќе овозможат над 500 нови вработувања и сериозно зголемување на туристичкиот потенцијал на Гевгелија.

***На што се должи ваквиот оптимизам за развојот на Гевгелија?***

- Во прв ред, на добрата финансиска кондиција на Општината, бидејќи за прв пат, заклучно со декември 2024 година, на сметката на основниот буџет има повеќе средства во однос на тековните обврски на локалната самоупрва. Минатата година, имавме одлична реализација на основниот буџет со 107 % на приходната страна и 99% на расходната страна. Ваквата финансиска реализација во последните три години придонесе за подобрување на перфомансите и зголемување на повратокот од ДДВ. Факт е дека при преземањето на градоначалничкиот мандат, Општина Гевгелија се соочуваше со неколку предизвици, во прв ред, последиците од пандемијата на Корона вирус и непланираните проблеми од енергетската криза, а секако и наследениот долг за тековни обврски од околу 84,5 милиони денари плус обврските по основ на кредитите за новиот водоснабдителен систем и училниците во гимназијата. Заедно со мојот тим успеавме да се справиме со ваквите предизвици и да овозмжиме општината и јавните институции нормално да функционираат.

***По што друго е значајна изминатава година?***

- Во 2024 година, беа реализирани повеќе капитални проекти за подобрување и проширување на патната и комуналната инфраструктура. Но, истовремено, се реализирани и повеќе помали проекти,



***„Моја заложба е Гевгелија да биде уште поатрактивна културна и туристичка дестинација, но, истовремено, и инфраструктурно уредена општина.“***

согласно барањата на граѓаните, изнесени на заедничките средби или преку месните заедници. Така, минатата година по барање на граѓаните во Миравци беше изграден и опремен нов пазар, беше реконструиран Младинскиот дом во Моин, а беа изградени и уредени спортски и детски игралишта во повеќето населени места. За подобрување

на комуналната инфраструктура изградени се нов водоводен и канализационен ситем во Урбан блок 5, кај старата Касарна, нов канализационен систем во централното градско подрачје на улицата „7 Ноември“, а доизградена е фекалната канализација во населеното место Давидово. Целосно е заменета подземната инфраструктура на улицата „Ѓоко Тутушев“, а поставена е и атмосферска канализација на улицата „Ѓорги Стамов“ во Гевгелија. Со овие зафати решени се повеќегодишните проблеми на граѓаните, кои живеат на овие улици, со излеаните води.

***„Минатата година, извршена е изградба на нови и реконструкција на постојните улици, бетонирани се помали улици и краци и изградени се тротоари и станбени патеки на површина од 25.510 м².“***

***Реализирани се и повеќе градежни активности за подобрување на патната инфраструктура на подрачјето на Општина Гевгелија?***

- Минатата година, извршена е изградба на нови и реконструкција на постојните улици, бетонирани се помали улици и краци и изградени се тротоари и станбени патеки на површина од 25.510 м². Притоа, беа изградени нови сообраќајници во должина од 4.066 метри, за што од Општинскиот буџет и преку грантови беа вложени 48.266.782 денари. Гевгелија изминатово лето доби ново сообраќајно поврзување со Коридорот 10 и граничниот премин „Богородица“. Асфалтирана е улицата „Павел Шатев“, една од главните сообраќајници во станбената населба „Караорман“, а до месноста „Топлик“ изграден е нов модерен пат, во должина од 560 метри. Заради подобра сообраќајна комуникација изградена е улицата кај ДГ „Сончогледи“ до крстосницата со улицата „Кожуф“. По барање на жителите од Негорци, изградена е улицата којашто се поврзува со улицата „Ѓорге Велков“, додека во Мрзенци, по барање на граѓаните, изградена е нова улица, која претставува секундарен влез во ова населено место. На територијата на целата Општина беше извршено бетонирање на помали улици и краци, тротоари и пешачки патеки на површина од 10.097 м², за што беа издвоени 10.867.279 денари буџетски средства. Исто така, беше извршена изградба и реконструкција на тротоари и патеки, станбени улици и уредени јавни површини со павер елементи, на вкупна површина од 1.451 м², во вредност од 4.899.572 денари сопствени средства.

***Колку и дали се посветува доволно внимание на животната средина?***

- Една од приоритетните активности на Општина Гевгелија беше и останува заштитата на животната средина, како преку реализација на неколку значајни проекти, така и преку спроведувањето на повеќе акции и активности за заштита на човековата околина. Гевгелија доби нов рекреативен парк кај месноста Топлик, исто така, беше отворен и првиот Инклузивен парк во дворното место на ЈОУ Пионерски дом, реализиран со донација од фондацијата „Ице Бегов“. Граѓаните масовно се одзваа на повикот на Општина Гевгелија за учество во акцијата за пошумување „Да пуштиме корени во нашата Гевгелија“, реализирана во месноста „Топлик“, а успешна акција за пошумување беше спроведена и во Негорци. Продолживме со акцијата за субвенционирање при набавката на велосипеди, а заради поголема енергетска ефикасност нови фотоволтаични панели беа инсталирани на покривите на централната детска градинка „Детска радост“ и на основното училиште „Владо Кантарџиев“ во Гевгелија.

***Во рамките на образовниот процес преземени се повеќе активности, но, не само за подобрување на условите за престој и настава, туку и за поддршка на младите?***

- Изминатава година, во сите основни училишта на подрачјето на општина Гевгелија значително се подобрени условите за реализација на воспитно-образовниот процес, за што беа вложени 14 милиони денари сопствени средства или од донации. Дополнително, како Општина, со низа мерки настојуваме да им помогнеме на учениците и најмладите, посебно, на учениците од социјално-ранливите категории. За нив во сите основни училишта на подрачјето на општина Гевгелија е обезбеден бесплатен

оброк, за тројца ученици од трета година во СОУ„Ј.Јосифовски“ од социјално-ранливите семејства беа обезбедени средства за училишна екскурзија, а редовно обезбедуваме и бесплатен превоз за штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби. Продолжуваме со стипендирањето на студенти, но и со значително проширување на мерките за поквалитетна социјална заштита и субвенционирање на социјално ранливите категории на граѓани и на најмладите. За таа цел, од општинскиот буџет беа издвоени над 4 милиони денари, а беа искористени и други можности, како што е услугата лична асистенција на лица со попреченост, која ја реализираме заедно со ОО Црвен крст-Гевгелија и Министерството за социјална политика.

***„Општина Гевгелија се најде меѓу петте општини, од вкупно 80 општини, со „одлична“ социјална вклученост на младите на локално ниво.“***

***Кога зборуваме за младите, во Општина Гевгелија е формиран Локален младински совет, чија активност веќе се чувствува?***

- Во Гевгелија успешно работи Локалниот младински совет, кој според досегашните анализи и индикатори за исполнетоста на законските одредби за младинско учество и младински политики, е квалификуван како функционален заедно со уште четири Локални младински совети во земјата. Општина Гевгелија преку формирањето и активностите на Локалниот младински совет значително придонесе за зголемено ангажирање и организирање на младите, како и за дефинирање и имплементирање на младинските политики. Токму поради иницираните и подржаните младински активности, Општина Гевгелија е една од петте општини во земјата, која е квалификувана како пријателски настроена кон младите. Според Анализата на социјална вклученост на младите на локално ниво, изработена преку Проектот: „Заедници инклузивни за млади“, финансиран од ЕУ и спроведуван од Националниот младински совет на Македонија, Општина Гевгелија се најде меѓу петте општини, од вкупно 80 општини, со „одлична“ социјална вклученост на младите на локално ниво.

***Изминатава година беа реализирани повеќе проекти за подобрување на спортската инфраструктура?***

- Спортската инфраструктура е значаен предуслов за развојот на спортот, поради што во општинскиот центар и во населените места беа реализирани проекти за изградба на спортски објекти и терени, како и детски игралишта. Покрај реконструкцијата на спортска сала на ДТВ„Партизан“, во употреба е предадена новата атлетска патека во спортскиот комплекс „Касарна“. Во скоро сите основни училишта во општината беа обновени и уредени нови спортски терени и детски катчиња, а нови детски игралишта беа изградени и опремени во Прдејци, Мрзенци, Кованец, Ново Конско, Моин и во Давидово. Нов кошаркарски терен е уреден во станбената населба „Сава Михајлов“, крај паркингот на новиот Градски пазар обновено е детското игралиште, а целосно е ревитализиран и спортскиот комплекс „Касарна“ во Гевгелија.

***Гевгелија станува сè попривлечна туристичка дестинација, засега на транзитни туристи. Што се презема за континуирана туристичка посетеност?***

- Бројот на транзитните туристи во Гевгелија постојано расте, во прв ред, на српски туристи, кои на пропатување за Грција остануваат во Гевгелија и околината, но од минатото лето присутен е и зголемен број на романски туристи, покрај редовните гости од соседна Грција. Наша цел, како локална самоуправа, е да привлечеме туристи и преку целата година. Затоа, во изминативе три години, покрај реализацијата на повеќе капитални проекти и значително подобрување на инфраструктурата, настојувавме да ги промовираме и туристичките погодности и можности на ова поднебје. Во 2022 година беше изработена Стратегија за промоција и развој на туризмот, во чии рамки беше подготвен промотивен материјал, отпечатени флаери, изработении промотивни видеа, отворена веб-страна за промоција на сите компаративни погодности и туристички потенцијали. Ваквата туристичка понуда ја презентиравме на меѓународните туристички манифестации во регионот.

**Гевгелија - град на културата 2025 година**

# ГРАДОТ ШИРОКО ГИ ОТВОРИ ПОРТИТЕ ЗА НОВИ КУЛТУРНО-ТУРИСТИЧКИ ДОЖИВУВАЊА

*- На свеченото отворање на манифестацијата се обратија министерот за култура и туризам Зоран Љутков и градоначалникот Андон Сарамандов.*
*- Спектакуларен концерт на Националниот џез оркестар*
*- Над 130 културни настани во текот на годината*

Гевгелија свечено и импозантно, на 11 април 2025 година, го одбележа официјалното отворање на манифестацијата од национален интерес „Гевгелија град на културата 2025". Голем број граѓани, културни работници и гости присуствуваа на свеченото отворање на манифестацијата, на отворената сцена на стариот Градски пазар. Меѓу гостите беа министерот за култура и туризам, Зоран Љутков; амбасадорот на Република Туркије, Н.Е господин Фатих Улусој; шефот на економската канцеларија при амбасадата на Република Грција, господин Дукас Маринопулос, директорот на Националниот џез оркестар, господин Гоце Стевковски, како и домаќинот - градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. Свеченото отворање на манифестацијата „Гевгелија-град на културата 2025" започна со интонирањето на македонската химна, како и со едноминутен молк за настраданите во катастрофалниот пожар во Кочани.





- Оваа манифестација не е само признание, туку и можност да се поддржи локалната културна сцена, да се привлече нова публика, да се развие нова соработка и да се постави Гевгелија на мапата како културен центар којшто зрачи со енергија и оригиналност. Тоа е покана – за нова уметност, за свежи идеи, за младинска енергија и за културен туризам што ќе го слави топлиот и автентичен дух на Гевгелија. Овде уметноста е таа што нѐ поврзува, туризмот ни го отвора градот кон светот, а младите, пак, се нашата иднина. Затоа градот што многумина го нарекуваат и „порта кон Европа", со својот потенцијал е и културна и туристичка порта кон нови можности. Затоа, да ја отвориме вратата за уметниците, да создадеме нови културни мостови, да го претвориме туризмот во доживување кое ќе раскажува приказни – преку музика, слики, зборови и движење, рече во своето обраќање министерот Зоран Љутков.

Тој додаде дека Гевгелија е важен туристички центар кој културата ја вградува во туризмот, а туризмот во културата на градот. Затоа, како што рече Љутков, Министерството за култура и туризам оваа година става посебен акцент не само на културното творештво, туку и на развојот на транзитниот и винскиот туризам, како клучни сегменти на локалниот туристички идентитет. Гевгелија, со својата стратешка позиција, може и мора да биде прва станица за сите што влегуваат во нашата земја – и прва можност да се почувствува нашата културна посебност преку гастрономијата, уметноста, виното и гостопримството. Затоа, ќе поддржиме програми каде што културата и туризмот може да одат рака под рака – како модерна приказна со длабоки корени. Ќе ги поврземе локалните винарии со културни настани, ќе отвориме нови културно-туристички рути и ќе работиме на тоа транзитните патници да станат туристи, а туристите – амбасадори на нашата култура и културно богатство, рече министерот Зоран Љутков.



Заблагодарувајќи се на укажаната доверба, Гевгелија по вторпат да биде престолнина на културата, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов истакна дека општината ќе организира квалитетна и богата програма со голем број културни настани од различни области, заедно со културните институции на локално и државно ниво и во

соработка со уметници, професори и културни дејци од општината.

- Во изминатите три години, Гевгелија се профилира како град со голем број на културни настани и како награда за сработеното, избрани сме за град на културата во 2025 година. Упатувам посебна благодарност за дадената доверба до министерот Зоран Љутков и Министерството за култура и туризам, но и благодарност до сите културни и образовни институции, здруженија на граѓани и културни работници во општина Гевгелија, кои дадоа придонес во изготвувањето на програмата која е избрана за одржување на Град на култура. Овој добиен епитет, не е само чест туку и обврска за создавање нови можности за уметниците и културните работници, како и заложба Гевгелија да биде уште поатрактивна дестинација на културата, а посредно и на туризмот во 2025 година. Општина Гевгелија, како и до сега, така и натаму, несебично ќе вложува во културата, особено во младите творци. Како Градоначалник, продолжува мојата заложба за создавање средина каде што културата ќе биде достапна за сите затоа што таа е нашиот идентитет, истакна Сарамандов.



Притоа, потенцираше дека во изминатите три години е обновен Детскиот фестивал „Калинка“, започна тридневниот Фестивал „Вкуси го југот“, којшто полека станува гевгелиски бренд, а по втор пат, во Гевгелија се одржува Меѓународниот натпревар во модерен танц „Гевгелија Денс“ со учество на над 600 млади од земјава и од странство. Бројните културно уметнички друштва од општината се најдобри културни репрезенти, а во изминатиот период, беше извршена реконструкција на три културни домови во Богородица, Прдејци и Моин, рече Андон Сарамандов.

Потоа присутните го проследија Концертот на Националниот џез оркестар, којшто под диригентската палка на Џијан Емин, изведе незаборавни хитови и поп-евергрини од македонската и светската музичка сцена, специјално аранжирани со нов, уникатен звук за оваа пригода. На концертот беа изведени композиции, почнувајќи од македонскиот шлагер „Рандеву“ на Катица Ѓаконовска, па сѐ до „ Ai no Corida“ na Квинси Џонс во изведба на вокалните солисти: Андријана Јаневска, Светлана Јовановска, Дејан Бобиќ и Калина Велковска.

# САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА АНА МИТЕВСКА



Манифестацијата „Гевгелија град на културата 2025“, на денот на свеченото отворање, започна со самостојната изложба на Ана Митевска. Во Уметничката галерија “Амам“, беа претставени делата на Митевска под наслов „Приказни во Тиркиз- Извор на животот“. Пригодни обраќања имаа директорот на НУ Музеј- Гевгелија, Саша Јованов и Јасминка Намичева, автор на неформалната мрежа на музеи „МузеумЛинк“.

- Особено ми значи што изложбата е поставена во Амамот, еден вид сведок на минатото, место на прочистување и тишина. Верувам дека токму тука, под камените сводови, делата добиваат нова димензија. Огромна чест ми е што оваа изложба е дел од официјалното отворање на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“. Да ја славиме уметноста како извор на живот, како потреба и како заедднички јазик што нѐ поврзува, порача Ана Митевска.

## НАД 130 КУЛТУРНИ НАСТАНИ

Во Гевгелија - градот на културата, годинава ќе се одржат над 130 културни настани концерти, театарски претстави, изложби и промоции на книги. Носители на активностите се најзначајните национални културни установи во земјата, но и самостојни уметници, правни лица и здруженија на граѓани од општина Гевгелија. Така, во Гевгелија, покрај концертот на Националниот џез оркестар, со кој официјално беше отворена манифестацијата, НОБ ќе гостува со спектакуларната „Кармина Бурана“, Македонската филхармонија ќе одржи свечен концерт, под диригентската палка на Анна Кондратенко, а манифестацијата ќе биде затворена со Гала оперски концерт на НОБ. Во меѓувреме ќе се одржат и многу други концерти, но, и театарски претстави - МНТ ќе гостува со „Бели ноќи“, „Ј. К. Цинот“ од Велес со „Вечер на глупаци“, Струмичкиот театар со „Петок 13“, а ќе гостува и прилепскиот театар „Војдан Чернодрински“.

Исто така, се предвидени и бројни ликовни изложби и многу други интересни културни настани, како што се „Цацеви денови“ во октомври, концерти



на култната гевгелиска и македонска група „Зијан“, на групата „Панта реи“ по повод 25 годишниот јубилеј, хорот „Гортинија“ со хорски адаптации на домашни и странски рок нумери, насловен како ROCK AND CHOIR Volume 2, а ќе се одржи и Меѓународен саем на независни продукции за издаваштво на графики, литература и музика и етно панаѓур. Секако и годинава се очекува посебно внимание и гости да привлече веќе традиционалниот фестивал „Вкуси го југот“.

# СТОПРОЦЕНТНА БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ВО 2024 ГОДИНА



Општина Гевгелија во 2024 година оствари стопроцентна буџетска реализација. Тоа го потврди Завр-шната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година со Извештајот за работењето на Општина Гевгелија во 2024 година, усвоени од страна на Советот на Општина Гевгелија. Имено, во текот на минатата година, вкупно реализираните приходи на Буџетот на Општина Гевгелија изнесуваат 672.235.552 денари или 99,19 % од планираниот буџет во вкупен износ од 677.730.678 денари. Даночните приходи, во износ од 166.264.326 денари, се натфрлени за 112,18%, а натфрлување од 247,34% е остварено и кај капиталните приходи, во износ од 81.116.963 денари. Неданочните приходи, во износ од 16.316.697 денари, се остварени со 60%, а, приходите од трансфери и донации, во износ од 402.587.657 денари, се реализирани со 86,84%. Приходите на Основниот буџет се реализирани во висина од 322.181.345 денари, што претставува натфрлување за 107,02% од планираните приходи, во висина од 301.040.568 денари. Извори на приходи на Основниот буџет се даночните приходи - 166.264.326 денари, неданочни приходи - 3.583.924 денари, капиталните приходи - 81.116.936 денари и трансфери и донаци - 71.216.159 денари.

Вкупно реализираните расходи на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година во висина од 644.308.154 денари изнесуваат 95,07% од вкупно планираните расходи за 2024 година, односно 677.730.678 денари. Значајно е да се одбележи дека реализираните капитални расходи на Основниот буџет во висина од 97.221.415 денари, во споредба со планираните 127.905.200 денари учествуваат со 98,97%. Тоа, несомнено, ја потврдува развојната компонента на инвестиционите активности, реализирани во текот на минатата година. Додека, во вкупните расходи, капиталните расходи учествуваат со реализација од 118.298.198 денари или 92,49%, во споредба со планираните 127.905.200 денари.

- Реализацијата на Основниот буџет на Општина Гевгелија, од којашто зависи спроведувањето на планираните активности и програми во текот на годината, е посебно значајна за функционирањето на локалната самоуправа. Минатата година ја завршивме со одлична реализација на Основниот буџет, како во делот на приходната, така и во делот на расходната страна, со што продолжува трендот со завршување на сите активности што беа планирани. Се надевам дека овој тренд со високи проценти на извршување ќе продолжи и следните години. Во делот на приходната страна е евидентно зголемување по сите ставки, како резултат на зголеменета стопанска активност. Во делот на расходната страна, имаме висок и би рекол рекорден процент кај капиталните расходи, затоа што успеавме да реализираме поголем број проекти во градот и во населените места, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, осврнувајќи се на минатогодишното финансиско работење.

- Во 2024 година, беше изграден модерниот урбан парк во Гевгелија, оплеменет рекреативниот парк кај „Топлик", изградена новата сообраќајница до Милци, започна асфалтирањето улицата „Св. Климент Охридски", односно Западниот булевар, извршено е партнерно уредување во дворот и уредување на спортскиот терен во ООУ „Крсте Мисирков", како и реконструкција на санитарните јазли и целосно реновиран ходникот со нови плочки во Училиштето. Исто така, во 2024 година започна реконструкцијата на спортската сала ДТВ „Партизан", а целосно е изграден новиот пазар во Миравци. Во делот на комуналната инфраструктура изградени се нов водоводен и канализационен систем во Урбан блок 5, кај старата Касарна, нов канализационен систем во централното градско подрачје на улицата „7 Ноември", а доизградена е фекалната канализација во населеното место Давидово. Целосно е заменета подземната инфраструктура на улицата „Ѓоко Тутушев", а поставена е и атмосферска канализација на улицата „Ѓорги Стамов" во Гевгелија. За најмалите и младите во општина Гевгелија, во населените места Мрзенци, Кованец, Мрзенци и во ООУ „Владо Кантарџиев" се изградени детски катчиња со урбана опрема за играње. Продолжи и веќе е во завршна фаза доизградбата на Детската градинка „Сончогледи" во Гевгелија, а со нова тартан-подлога уредени се повеќе спортски терени во градот и населените места.

Пред советниците Градоначалникот на општина Гевгелија нагласи дека се реализирани повеќе градежни активности за подобрување на патната инфраструктура на подрачјето на Општина Гевгелија. Покрај одличната реализација на Буџетот за 2024, посебно задоволство ми претставува што, за првпат, пос-ле долги години, на крајот од годината, има повеќе средства на жиросметката на Основниот буџет од тековните обрвски што ги има Општина Гевгелија, околу 59.000.000, а обврските се 54.650.000 денари, со што, на некој начин, се прекина праксата за непродуктивни трошоци, додека остануваат повеќе средства за капитални проекти. Верувам дека во наредниот период и во наредните години ќе се задржи трендот за реализација на повеќе капитални проекти од интерес на граѓаните, рече Андон Сарамандов.

**Нови инвестициони зафати**

# СЕ РЕКОНСТРУИРА НАТПАТНИКОТ И ВЛЕЗОТ НА ГЕВГЕЛИЈА

*- Наскоро започнува и реконструкцијата и реставрацијата на Старата чаршија*



После седум децении од изградбата, започнаа изведбените работи на натпатникот и коловозот на влезот во Гевгелија. Предвидена е целосна реконструкција на коловозот со поставување полимерна мрежа за стабилност на асфалтот, промена на старите спoеви (дилатациони ленти) за поврзување на мостот, како и изградба на атмосферска канализација на критичните точки од коловозот. Покрај ова ќе биде поставена нова ограда на мостот, а ќе бидат реконструирани и тротоарите по целата должина.

Веднаш по реконструкцијата на натпатникот, ќе почне реализацијата на уште еден голем проект, што ќе го промени ликот на влезот во Гевгелија и значително ќе ја подобри сообраќајната комуникација. Во непосредна близина на влезот во градот ќе биде изграден нов голем и брзодинамичен кружен тек. Реконструкцијата на натпатникот и изградбата на нов кружен тек ќе чинат 25.721.284 денари, од кои 17.725.796 денари ги обезбеди Министерството за транспорт и врски, а додека 7.995.487 денари се од Општинскиот буџет. Со реализацијата на овие проекти значително ќе се подобри сообраќајниот протек на влезот во градот, но и ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот. Особено, ако се има предвид дека во непосредна близина на влезот од градот, се гради голем шопинг-центар, на површина од 19.000 метри квадратни.

Наскоро претстои реконструкција и реставрација на Старата чаршија во Гевгелија. и подобрување на инфраструктура. Со овој проект, Општина Гевгелија аплицираше на Јавниот повик од Министерството за локална самоуправа за подобрување на условите за живот во сите општини во Македонија. Владата на Република Македонија додели 40.675.095 денари за комплетна реставрација на Старата чаршија, со што Гевгелија ќе добие нова визуелна и функционална димензија. На ова значајно гевгелиско обележје ќе биде изграден нов партер со замена на сите подземни инсталации, по што ќе уследи и целосна реставрација на објектите на Старата чаршија. По завршувањето на тендерската постапка и за двата зафати се очекува да започнат и озведбените работи. При посетата на Старата чаршија во Гевгелија, министерот за култура и туризам, Зоран Љутков, изјави дека



со реализацијата на овој инвестициски зафат ќе се подобри инфраструктурата и ќе се создаде простор за културни настани и уметнички проекти, со што ќе се негува традицијата и ќе се поттикнат нови културни трендови.

# УЧИЛИШТЕТО ВО СЕРМЕНИН ЌЕ СЕ УРЕДУВА ВО МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР

Старото училиште во Серменин, каде што за првпат започнала наставата на македонски јазик во Гевгелискиот Регион, ќе биде уредено во Мултифункционален турис-тичко-едукативен центар. За таа цел, веќе е потпишан договорот за реализација на проектот „Балкан Вело" во Министерството за регионален развој и јавни работи на Република Бугарија. Имено, Општина Гевгелија и Општина Разлог од соседна Бугарија, со своите партнери од македонска страна - ФЛОРИТ-Гевгелија и Општина Богданци, како и Агенцијата за економски развој од Банско, од бугарска страна, заеднички ќе го реализираат Проектот, во рамките на „INTERREG VI A IPA Програма за прекугранична соработка Бугарија - Македонија 2021-2027".

Со доделните 19.084.065 денари од страна на ЕУ е предвидена целосна реконструкција и опремување на старото училиште во Серменин, како и изградба на велосипедска патека до



манастирот „Св.Илија", со вкупна должина од 1.003 метри. Објектот ќе се адаптира во простор наменет за сите граѓани, здруженија и организации, за реализација на своите активности. Истовремено, ќе послужи за организација на голем број настани, кои што ќе придонесат за развој на туризмот. По потпишувањето на договорот, започнуваат и подготвителните активности и постапки за реализација на предвидените изведбени работи со Проектот.

# ОДБЕЛЕЖАНИ 80 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

Во организација на Црвениот крст од Гевгелија беше одбележан големиот јубилеј - 80 години од формирањето на Црвениот крст во Македонија. На присутните во салата на СОУ „Јосиф Јосифовски"им се обрати генералниот секретар на Црвениот крст на Македонија, Саит Саити, кој зборуваше за јубилејот и бројните и значајни активности на оваа хуманитарна организација, која во нашата земја е формирана на 17 март 1945 година. Основна грижа на оваа хуманитарна организација е спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедувајќи почит и достоинство за човековото битие, а особено во случај на несреќи и катастрофи.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, по повод јубилејот, истакна во изминатиот период локалната самоуправа има одлична соработка со Општинската организација на Црвениот крст во Гевгелија, којашто започна со изградбата на новата административна зграда, а продолжи со реализација на многуте проекти за грижа кон граѓаните.

- Заеднички подадовме рака кон секој граѓанин, а таквата заложба ќе ја продолжиме и во иднина. Ме радува тоа што изминатите години се поголем број млади луѓе се вклучуваат во работата на Црвениот крст, што придонесува за јакнење на



хуманоста како принцип во секојдневното живеење, рече Сарамандов.

Општинската организација на Црвениот крст од Гевгелија досега остварила илјадници акции на полето на крводарувањето, како и многу други хуманитарни акции. Носител е на повеќе проекти за подобрување на социјалната заштита и грижата кон социјално-ранливите категории на граѓани. Со еден збор секогаш е на услуга и помош на граѓаните, но и иницијатор на бројни еко и општествени акции за заштита на животната средина. Одбележувањето на јубилејот беше збогатено со настапот на балетските изведувачи, ученици од ООМУ „Васо Карајанов", како и на поранешната ученичка од ова училиште, виолинистката Емилија Николовска.

# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ДОНИРАШЕ 1,5 МИЛИОН ДЕНАРИ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ВО КОЧАНИ



## ЃОРГЕ ПОПОВ, НОВ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Советот на Општина Гевгелија на својата 56. седница, го избра Ѓорге Попов, советник од кандидатската листа на ВМРО-ДПМНЕ, за нов претседател на Советот. Изборот, уследи по оставката на Патрик Матх, кој ја извршуваше функцијата претседател на Советот на Општина Гевгелија. Советот ја констатираше оставката и согласно издаденото Уверение за избор на нов член од страна на Општинската изборна комисија му го верифицираше новиот советнички мандат на Лазар Шуклев од кандидатската листа за советници на ВМРО-ДПМНЕ за Локалните избори 2021 година.

Советот на Општина Гевгелија на вонредна седница едногласно донесе одлука од општинскиот буџет да бидат издвоени 1.500.000 денари како хуманитарна помош наменета за семејствата на загинатите и повредените во трагичниот настан во Кочани. Советниците со едноминутно молчење им оддадоа почит на трагично загинатите во катастрофалниот пожар во Кочани, по што претседателот на Советот, Ѓорѓе Попов, истакна: „Тажен е поводот за денешната седница. Не постојат зборови со кои може да се изрази сочувство за згаснатите млади животи, не постојат зборови на утеха на нивните најблиски. Вечен покој и спомен на настраданите, а Бог да им даде сила на семејствата да го пребродат овој тежок момент“.

По ужасната и досега незапаметена трагедија во Кочани, во Градската библиотека „Гоце Делчев“ во Гевгелија беше отворена книга на жалоста, а на градскиот плоштад граѓаните мирно оддаваа почит на несреќно загинатите жртви.



# ОД ПРОЛЕТНИОТ МРАЗ ШТЕТИ НА 96 ХЕКТАРИ

Од пролетниот мраз што зафати делови на општина Гевгелија, се оштетени или целосно уништени овошни насади на 96 хектари, поради што е причинета штета од 31.191.692 денари. Според Елаборатот за предизвиканите штети од пролетниот мраз на 20 и 21 март годинава што го усвои Советот на Општина Гевгелија, најголеми оштетувања имало на земјоделските површини во Гевгелија, Негорци, Прдејци и Богородица. По извршениот увид од страна на Општинската комисија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди, врз основа на поднесени 4 пријави од физички лица и 2 од правни субјекти, биле констатирани оштетувањата од 70 до 100%.

Од невообичаено ниските утрински температури и слана измрзнале праските, крушите, јапонската јаболка, сливите, црешите



и калинките на 94 хектари во сопственост на правните субјекти и 2,5 хектари на индивидуални земјоделци. Советот на Општина Гевгелија заклучи Елаборатот за штетите да биде доставен до Републичката комисија за проценка на штети од елементарни непогоди и до Владата на РСМ.

# ГЕВГЕЛИЧАНИ, СЕПАК, ДИШАТ ЧИСТ ВОЗДУХ

Гевгеличани дишат здрав амбиентален воздух, а Гевгелија и натаму важи за здрава животна средина. Ова го потврдуваат податоците од Министерството за животна средина и просторно планирање, според мерната станица во Гевгелија, како и спроведените вонредни инспекциски надзори од страна на општинскиот инспектор за заштита на животната средина. Гевгелија не ги надминува пропишаните гранични вредности и е под прагот на алармирање за прогласување на град со загаден воздух. Поточно, надминувањето на граничните вредности од 50 микрограми на кубен метар за ПМ 10 честичките во Гевгелија, во текот на зимскиот период, особено во периодот од 22 до 24 часот, се под прагот за алармирање за суспендираните PM 10 честички, кој изнесува над 150 mg/m3 во два последователни дена.

Ова беше констатирано од страна на Советот на Општина Гевгелија по расправата за состојбата со амбиенталниот воздух во Гевгелија и мерките што ги презема Општина Гевгелија за граѓаните да имаат почист воздух. Ако до поставувањето на мерната станица жителите на Гевгелија живееја во уверување дека во нивниот град воздухот не е загаден, од редовните мерења на загаденоста на воздухот се виде дека тоа не е сосема точно. Имено, при секојдневните мерења на концентрацијата на одредени загадувачки супстанции изминатите години, особено во текот на зимскиот период, забележано е дека овие концентрации во Гевгелија ги надминуваат граничните вредности пропишани во националната законска регулатива. Во зимскиот период влијанието на главните извори на цврстите честички значително се зголемува поради климатските и метеоролошките услови.



Но, за среќа, во Гевгелија тоа не е случај, бидејќи за овој град карактеристична и честа е појавата на ветерот „Вардарец“, кој значително придонесува за отстранување на суспендираните честитки од воздухот, информираше пред советниците инспекторката за животна средина, Милица Аџигогова.

Инаку, при инспекцискиот надзор, инспекторот има извршено контроли на поголем број на евентуални загадувачи на воздухот, како што се механичарски работилници, автолимарски работилници, пекари, субјекти со Б интегрирани еколошки дозволи во поглед на емисии во воздух, вода, и управување со отпад. Притоа, од страна на инспекторот се утврдени одредени неправилности, поради што се донесени и соодветни акти согласно законската регулатива. Советниците апелираа до гевгеличани да бидат посовесни за неправилното горење на опасни материи, да не употребуваат при загревање на домаќинствата пластика, гума, обработено дрво, како и разни отпадни материјали кои ослободуваат загадувачки материјали.

## СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ НА ИЛИЈА ЏАЏЕВ

Во Гевгелија ќе биде поставено спомен обележје на Илија Џаџев, професор, музичар и поет, препознатлив по својата хавајска гитара и бројните концерти во земјата и светот. Ваквата одлука на Советот на Општина Гевгелија, уследи по завршувањето на Јавниот конкурс на којшто пристигнаа две идејни решенија. Едниот под шифра „Софија“ на Перо Кованџалиев од Скопје и вториот, под шифра „Еклипса“, на авторот Дамјан Ѓуров од Гевгелија. Одборот за подигање на спомен-обележје, по констатацијата дека трудовите се комплетни и нивното оценување, го го избра идејниот проект под шифра „Софија“, на авторот Перо Кованџалиев, за спомен-обележје на Илија Џаџев. Притоа, беше констатирано дека овој идеен проект визуелно ја презентира фигурата, емоцијата и духот на Илија Џаџев.



# ГЕВГЕЛИЈА ГИ ПРОМОВИРАШЕ СВОИТЕ ТУРИСТИЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ САЕМ ВО БЕЛГРАД

Општина Гевгелија ги презентираше своите туристички погодности и потенцијали на годинешниот 46. Меѓународен саем за туризам во Белград, Република Србија, каде што учествуваше со свој штанд. Прифаќајќи ја поканата на Агенцијата за промоција и развој на туризмот на Република Македонија, Општина Гевгелија на оваа престижна туристичка манифестација ги промовираше капацитетите, погодностите и можностите за престој на туристите под гевгелиското поднебје. Со самото учество, локалната самоуправа ја продолжи својата заложба за промоција и развој на туристичките потенцијали преку туристичката платформа на Општина Гевгелија “Gevgelija Tourism – Spice up the journey”.




На Меѓународниот саем за туризам во Белград, градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, оствари повеќе средби за афирмација на Гевгелија како значајна транзитно-туристичка дестинација. Сарамандов разговараше со директорката на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Билјана Стефановска, за можностите што Гевгелија континуирано ги нуди на туристите, како и за понатамошната соработка. Исто така, градоначалникот Сарамандов оствари средба и со гевгеличанецот Васко Шутаров, директор на Културно-информативниот центар на Република Македонија во Белград. Притоа, акцентот беше ставен на соработката помеѓу новоотворениот КИЦ во Белград и Општина Гевгелија како можност за културно поврзување и заемен развој на културните и туристички потенцијали. Во текот на саемската манифестација, а по пројавениот интерес на српските медиуми, градоначлчникот Андон Сарамандов на телевизијата „Туристичка призма“ и за информативната агенција „Танјуг“ ја презентираше туристичката платформа на Општина Гевгелија.

# „ЗЕЛЕНИТЕ“ ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРАКСА

Во Гевгелија успешно се применуваат зелените инвестиции со поддршка од „зелената мерка“, која ја користат неколку сопственици на нови бизниси. Во тоа се уверија заменик-министерот за економија и труд, Марјан Ристески, кој при престојот во Гевгелија, заедно со претставници на УНДП и на ПЕ на Агенцијата за вработување, го посетија Центарот за рециклирање – „Прогрес Груп Компани“. Сопственикот на овој центар, Виктор Петковски, е корисник на „зелената мерка“ со поддршка за зелена инвестиција и отворање нови работни места. Исто така, го посетија Апи терапевтскиот центар на Кристијан Алчинов, кој го основа својот бизнис преку програмата „Самовработување“.



- Министерството за економија и труд, заедно со Агенцијата за вработување и останатите партнери, преку оперативните програми ќе продолжат и натаму со поддршката за отворање нови бизниси и работни места- истакна заменик-министерот Ристески. Општина Гевгелија, исто така, активно е вклучена во реализацијата на овие програми преку поддршка на проектите на здруженија на граѓани, кои придонесуваат за поттикнување на зелените инвестиции.

Подобрување на патната инфраструктура

# ИЗГРАДЕНА УЛИЦАТА „ЃОКО ТУТУШЕВ“

По долги години, улицата „Ѓоко Тутушев“ во Гевгелија е целосно завршена со изградба на атмосферска и фекална канализација. По завршувањето на зафатите за поставување нова комунална инфраструктура, улицата е покриена со нова асфалтна подлога. Така што. се задоволени потребите на граѓаните кои живеат на оваа улица за урбано живеење, но се обезбедени и услови за нормален сообраќај по оваа сообраќајница.

По завршувањето на градежните активности на улицата „Ѓоко Тутушев“, зафатите за подобрување на патната инфраструктура продолжија на улиците „Сава Михајлов“, „Леонид Јанков“ и „Белградска“. На улицата долж „Сава Михајлов“, се изврши гребење и санација на долниот строј, по што беше поставен горниот финален слој асфалт.



Исто така, извршено е партерно и хортикултурно уредување на просторот пред станбените комплекси коишто се наоѓаат на оваа улица. Истите градежни активности се изведени и на улицата „Леонид Јанков“, додека пак на улицата „Белградска“ е извршена реконструкција на паркинг-просторот.

## ИЗГРАДБА НА УЛИЦИТЕ ВО СТАНБЕНИОТ БЛОК „КАСАРНА“



Во тек е изградбата на улиците во станбената населба „Касарна“, како дел од Урбаниот блок 5, во Гевгелија. Градежна механизација интензивно работи на пробивање улиците во овој нов станбен блок во југозападниот дел од градот. Бидејќи станува збор за пробивање на нови улици, од страна на изведувачот, најпрво, беше извршено геодетско мерење на теренот за утврдување на трасата. Во наредниот период, согласно техничката документација, следува пробивање, тампонирање и поставување нови рабници.

Со изградбата на модерна патна инфраструктура во станбената населба „Касарна“ значителнпо ќе бидат подобрени условиоте за живот на голем број граѓани, кои живеат овде. Претходно, во оваа урбана населба беше изграден нов водоснабдителен систем, како и нова фекална канализациона мрежа. Со сите овие зафати целосно се решава комуналната и патната инфраструктура во оваа станбена населба.

## ИЗГРАДЕНА УЛИЦАТА „ВАРДАРСКА“ ВО ПРДЕЈЦИ

Во општина Гевгелија продолжуваат активностите за подобрување на патната инфраструктура. По барање на граѓаните во Негорци изградени се и уредени неколку помали улици и улични краци. Додека пак во Прдејци, согласно барањата на граѓаните, е изградена улицата „Вардарска“. Оваа улица се протега во северниот дел на Прдејци, долги години претставуваше инфраструктурен проблем за жителите. По нејзината изградба, на жителите им е овозможен достоен пристап до нивните домови.



## РЕКОНСТРУИРАНА УЛИЦАТА „БРАЌА МИЛАДИНОВИ“



Завршија градежните активности за реконструкција на улицата „Браќа Миладинови“ во Гевгелија. Граѓаните кои гравитираат и живеат на оваа улица, скоро пет децении укажуваат на проблемите со коиѓшто се соочуваат поради нејзината оштетеност. Поради лошата состојба на улицата „Браќа Миладинови“, пред асфалтирањето беше извршено гребење и пополнување на долниот слој на повеќе места, а проширен е и влезот со нови рабници на соодветна висина. По ваквите изведбени работи беше извршено асфалтирање на целата патна површина од 1200 $m^2$. Улицата не само што доби нов лик туку и се обезбедени услови за непречено одвивање на сообраќајот.

# НОВА УРБАНА ОПРЕМА

Општина Гевгелија продолжува со акцијата за поставување нова урбана опрема во Гевгелија и во населените места. Поставени се нови летниковци за одмор и рекреација на граѓаните во населените места Миравци, Милетково, Негорци и Богородица. Во Гевгелија нова урбана опрема беше поставена на неколку локации, главно, зелени површини каде што се инсталирани и летниковци и канти за отпадоци. Преку континуирана акција за поставување урбана опрема, уредени се зелените површини, парковите и другите јавни површини за одмор и рекреација.

Овој проект започна да се реализира минатата година и има за цел креирање на што повеќе вакви содржини, кои придонесуваат за поквалитетен живот на граѓаните. Акцијата продолжува и понатаму, бидејќи на овој начин градот и населените места не само што добиваат урбан лик, туку и граѓаните добиваат уредени простори за одмор и рекреација.



# БОГОРОДИЦА СО НОВ УРБАН ЦЕНТАР

Во центарот на населеното место Богородица почнаа изведбените работи за изградба на мини плоштаден простор. Предвидена е целосна реконструкција и поплочување на просторот со павер елементи, изградба на нови патеки, како и изградба на жардинерија за хортикултурни насади. Со овој зафат граѓаните на Богородица ќе добијат урбано уреден и репрезентативен простор во самиот центар. Инаку, во ова населено место, Општина Гевгелија веќе изврши реконструкција на Младинскиот дом „Мите Танов - Коми“, а беше извршена реконструкција и на старата кафеана на „Винојуг“ и просториите на пензионерите.



# СУБВЕНЦИИ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ

Општина Гевгелија и годинава субвенционира за велосипеди купени од страна на граѓаните. Право на аплицирање на јавниот повик имаат сите граѓани на општина Гевгелија, кои купиле велосипед во периодот од 1 април се до потрошувањето на предвидените средства во висина од 500.000 денари од Општинскиот буџет за 2025. На јавниот повик можат да учествуваат сите граѓани, кои купиле велосипед, освен вработените во општинската администрација и членовите на нивните семејства, како и лицата кои минатите години добиле субвенции за велосипед.

Општина Гевгелија во 2022 година започна со субвенционирање на набавката на велосипеди од страна на граѓаните. Во периодот 2022 - 2024 година беше субвенционирана набавката на нови 300 велосипеди на граѓаните, кои набавиле велосипед, во вредност од 4.500 денари. По доставените апликации на распишаниот јавен повик, на кој можеа да се пријават сите граѓани, беше




извршен избор според принципот „прв дојден, прв услужен“. Ефектите од ваквата акција се повеќекратни, а, главно, насочени кон подигање на еколошката свест.

# ПОСТАВЕНИ 160 НОВИ КОНТЕЈНЕРИ И КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ

За подобрување на комуналната хигиена во општина Гевгелија, ЈПКД „Комуналец“ во текот на минатата година поставило 70 нови пластични контејнери од 1,1 $м^3$. Освен во Гевгелија, нови контејнери се поставени во: Миравци, Негорци, Прдејци, Смоквица, Мрзенци, Богородица, Милетково и Давидово, коишто се празнат еднаш до двапати неделно. Додека, во викенд населбите Конско, Смрдлива Вода, Ума и Габрово комуналниот отпад во зимскиот период се собира еднаш до двапати месечно, а преку летото еднаш неделно. Во Гевгелија и во населените места биле поставени и 90 нови улични канти. Инаку, минатата година од страна на ЈПКД „Комуналец“ биле собрани и дистрибуирани 18.400 тони комунален отпад.

Покрај комуналната хигиена, Јавното комунално претпријатие се грижи и за одржување и обновување на парковите и другите јавни зелени површини. Станува збор за скоро 100.000 $м^2$, од кои 45.000 $м^2$ се паркови, а преостанатите се зелените површини околу колективните станбени згради со вкупна површина од 55.000 $м^2$. Лани, за обнова на насадите биле произведени сопствени 10.000 садници пролетно цвеќе и 5.000 садници зимско цвеќе.



# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА КУЛТУРНИТЕ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

***- Во Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година се предвидени 8.350.000 денари за реализација на проектите на 42 апликанти***

Во општина Гевгелија, годинава, ќе се реализираат бројни културни манифестации и проекти со финансиска поддршка од локалната самоуправа. Советот на Општина Гевгелија ја усвои Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2025 година, во која за оваа намена се предвидени 8.350.000 денари. На Јавниот конкурс биле поднесени 45 апликации, од кои 42 носители на проекти ги исполниле барањата критериуми. Општина Гевгелија и годинава ќе ги поддржи локалните институции, физичките лица и НВО-организации за реализација на културни активности и проекти, со одобрените средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година.

Станува збор за проектите и програмските активности на трите Јавни општински установи - Домот на културата „Македонија“, Библиотеката „Гоце Делчев“ и Пионерскиот дом „Јосип Броз Тито“. Финансиска поддршка е обезбедена и за традиционалните културни манифестации „За тебе љубов моја“, „Бош 2025 година“, „Гевгелиско културно лето“, „Фолклорен ѓердан“. Но, и за голем број театарски претстави, фолклорни концерти, музички настани, ликовни изложби, издавање и промоција на книги, повеќедневни фестивали.



Програмата ќе биде збогатена и со активностите и настани предвидени во рамките на манифестацијата „Гевгелија - град на културата 2025“.

## ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ТЕАТАРОТ

Светскиот ден на театарот во Гевгелија беше одбележан со театарско прикажување на камишибаи „Волшебникот од Оз“ во Малата сала во Пионерскиот дом.  Проектот го изведоа драмската секција при Домот и ликовниот уметник, Александар Јанев, а е дел од манифестацијата „Гевгелија-град на културата“. По тој повод раководителката на драмската секција Катица Цишева Дупарова изјави:

- Театарот нас нè инспирира, нè поттикнува да размислуваме, креираме и фантазираме, нè зближува, но и нè менува, нè поврзува и во тага и во радост. Затоа да го сакаме, негуваме, почитуваме и да го посетуваме театарот!



# „ЗА ТЕБЕ ЉУБОВ МОЈА“ ПРОДОЛЖУВА ДА ЖИВЕЕ

Во пресрет на Денот на жената - 8 Март, и годинава во салата на хотелот „Аполонија“ во Гевгелија, се одржа традиционалната поетско-музичка вечер „За тебе љубов моја“, која пред три децении ја иницираа Слободанка Дуева и Ице Мурџев, а ја продолжија професорите по македонски јазик и литература, Даниела Цишева и Тони Аврамов. Учесници на 27. издание на традиционалната манифестација „За тебе љубов моја“ беа: Силвестер и Матеа Проле, Слободанка Арнаудова, Даниела Цишева, Тони Аврамов, Ања Поп-Костова, Петар Јанчев, Катица Цишева Дупарова, Светлана Стојковиќ и Каме Ќаев, Анастасија Зафирова, Бисерка Макревска, Розита Андонова, Зоки Кундурџиев, Ангела Зафирова, Ламбрина Лазаревска, Стефчо Стефанов и Елена Поп-Костова. Специјален гостин на вечерта беше  познатиот македонски артист и шоумен Игор Џамбазов, кој на присутните во свој стил им порача: „Благодарам што ме поканивте на ова извонредно место, ова е една малечка



оаза во оваа земја на изместени вредности. Јас ќе ви прочитам убава поезија од еден „млад“ поет од Дојран, Игор Џамбазов“.

- Од далечната 1993 година, па до денес, преку стихови и ноти го славиме Денот на жената. Постоиме толку години благодарение на верната публика која несебично секогаш нè поддржува и нè мотивира од година во година да бидеме подобри, но и посилни во организирањето на манифестацијата. Функционираме како едно семејство – професори, психолози, лекари, ученици, правници, кореографи, актери, музичари, секој различен со својот настап, а, сепак, дел од една заедничка композиција именувана „За тебе љубов моја“- вели еден од организаторите на манифестацијата, Тони Аврамов.

# „ПЕТОК 13"- МАЛЕРОЗНА КОМЕДИЈА



Во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година", гостуваше ансамблот од Народниот театар при НУЦК „Антон Панов"- Струмица со комедијата „Петок 13".

„Петок 13" е урнебесна комедија која во прв план се занимава со прашањето на - малерот. Гевгеличани проследија приказна во која голем дел нив можеа да се препознаат или да го препознаат однесувањето на своите најблиски. Освен актерите со намерата да ги насмеат гледачите до солзи, претставата предизвика несигурност и мала доза на нелагодност и тоа преку разбирањето на навиките и однесувањата на ликовите како тие изгледаат погледнати од страна.

Сите ликови во претставата се до некој степен малерозни. Некои од нив веруваат во повисоки сили и влијанија, а некои не веруваат. Сепак, се чини дека нивната верба или неверба нема никакво влијание врз малерите кои им се случуваат. Тоа ги прави ранливи и непредвидливи...

Сценариото е на познатиот современ француски комедиограф Жан Пјер Мартинез, режијата е на Никола Ристов, а во претставата играа: Стојан Велков- Трн, Анкица Бенинова, Јасмина Вучкова и Ванчо Василев.

# КОНЦЕРТ НА ПИЈАНО ДУОТО „ГЕЛЕБЕШЕВИ" ЗА ПАМЕТЕЊЕ



Концертот на пијано дуетот „Гелебешеви" претставуваше вистинско музичко уживање за гевгеличани. Овој пат, концертот на истакнатите македонски пијанисти, Катерина Гелебешева Костадиновска и Глигор Гелебешев се одвиваше во рамките на манифестацијата „Гевгелија град на културата 2025". На ваквиот предизвик, пијанистите одговорија со силна и музичко-издржана изведба на Увертирите кон операта „Поетот и селанецот" од Ф. фон Супе, кон операта „Танхојзер" од Ричард Вагнер и операта „Страчката грабливка" од Џакомо Росини, како и шестте пиеси од Рахмањинов. И покрај бројните концертни средби на гевгелиската публика со дуото Гелебешеви, последниот настап во салата на хотелот „Аполонија" во Гевгелија ќе остане запаметен како репрезентативен и достоен за една културна метропола во земјата.

Пијано дуото „Гелебешеви" од почетокот на своето музицирање во 2001 година, се наметнува како ансамбл со исклучително висок профилиран квалитет во уметничката изведба, што гради успешна концертна кариера во Македонија и на бројни интернационални подиуми ширум светот. За својата плодна концертна дејност, пијано – дуото „Гелебешеви" е добитник на највисокото признание на Сојузот на музичките уметници на Македонија, наградата „Златна лира" во 2012 година. Глигор Гелебешев е добитник на Златната плакета на Седмоноемвриската награда на Општина Гевгелија за 2024 година.

# „ЈАС, НА НЕКОЕ МЕСТО"- ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА ШТО ДОПИРА ДО СОВЕСТА

Во рамките на манифестацијата „Гевгелија град на култура за 2025 година", гевгелиската публика имаше можност да ја проследи театарската претстава „Јас, на некое друго место", од репертоарот на Народниот театар при НУЦК „Ацо Шопов" во Штип.



Под режисерската палка на Јован Ристовски и според драмскиот текст на Ана Ристоска Трпеновска, на сцената беше изведена драмска приказна што отвора рани и повикува на размислување.

Претставата преку фантастичната актерска игра на Марија Минчева-Андонов, Елена Шорова-Дербов, Пеце Ристевски, Ангелка Нашкова, Миле Вратеовски, Ефтим Трајчов, Ава Хусеини и Стефанија Митовска суптилно, но моќно говори за внатрешната празнина, отуѓувањето, рамнодушноста. Носи јасна порака - дека луѓето не треба да заборааат да мислат едни на други, да си помагаат едни со други и да се разбере што навистина се крие зад „добро сум".

# МЕВЛЕМ МУЗИКА И ПОЕЗИЈА - УЖИВАЊЕ ЗА ГЕВГЕЛИЧАНИ

Триото „Мевлем“ и Марко Виденовиќ понудија незаборавна музичко-поетска вечер во Малата сала на Народниот театар во Гевгелија, во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата“. Изведбата на композиции специјално компонирани за овој проект проследени со поезија претставуваше вистинско доживување за гевгеличани. Тие не го криеја воодушевувањето од настапот на Памела Велкова (виолина), Верица Ајтовска (виола), Енис Аљи (виолончело) и самиот автор Марко Виденовиќ (пијано и глас), наградувајќи го со долготрајни аплаузи.



Проектот „Мевлем“ е уникатна симбиоза на музика и поезија, создадена од композиторот и поет Марко Виденовиќ, кој преку своите дела создава извонредна уметничка комуникација помеѓу звуците и зборовите. Во фокусот на „Мевлем“ е музичката содржина, која е внимателно дизајнирана за да го рефлектира духовното и естетското наследство на македонската култура.

# ПРЕМИЕРА НА „АДСКА МАШИНА“ ЗА ПАТРОНАТОТ НА СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“

Со премиера на театарската претстава „Адска машина“, во изведба на Драмското студио „Дон Кихот“, беше одбележан патронот празник на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија. Во претставата, работена по текст на Венко Андоновски, во режија на професорката Даниела Џишева, а во техничката обработка на професорот Тони Аврамов, настапија учениците: Зоран Кундурџиев, Весна Делева, Костадин Узунов, Јована Дупарова, Андреј Димов, Јован Гроздановх, Бранко Проданов и Катерина Јовановска.

На свеченото одбележување на Патронот празник на СОУ„Јосиф Јосифовски“, покрај театарската премиера,



настапи Училишниот хор, под менторство на професорот, м-р Илија Атанасов. Исто така, премиерно беше проектиран филмот„50 години пријателство“ посветен на соработката помеѓу СОУ „Јосиф Јосифовски“од Гевгелија и ТП „Михајло Пупин“ од Инџија. Свои обраќања имаа директорите на двете училишта, Александар Делиџаков и Драгана Винчиќ Младеновиќ.

**Промоции**

# „ГЕВГЕЛИЈА ПОРТА КОН ЕВРОПА“



Во хотел „Аполонија“ во Гевгелија, беше промовирана книгата „Гевгелија - порта кон Европа“ од политикологот и новинар, Кире Јанишлиев, која содржи написи за развојот на Гевгелија, објавени во „Нова Македонија“, во периодот од 1978 до 2004 година. Според промоторот Тони Аврамов, книгата не е само читанка за Гевгелија, туку во некои текстови, ја надминува голата информација и навлегува во книжевни експресии. Книгата„Гевгелија- порта кон Европа“ е оригинален, но и автентичен документ кој има трајни вредности за овој град, нагласи Аврамов. Кустосот советник Бобан Хусеновски потсети дека освен весникот „Нова Македонија“ и Народниот музеј во Гевгелија, ниту една друга надлежна институција не се произнесе за вандалското уништување на Вардарски Рид при изградбата на автопатот. Извадоци од книгата читаше Петар Јанчев, а на промоцијата настапија младите пијанисти Нина Петкова, Благоја Стоев и Вангел Марков, ученици од ООМУ „Васо Карајанов“.

# „ПОВЕСТ ЗА РУШКА“



Во организација на ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“ во Гевгелија, на денот на раѓањето на македонскиот композитор Драгослав Ортаков, беше промовирана неговата последна книга „Повест за Рушка“. За книгата, процесот на нејзиното објавување, и нејзината приказна зборуваше промоторот Христо Петрески. За животот и делото на својот татко, особено, на неговата нераскинлива врска со родната Гевгелија и значењето на поимот „Рушка“, се присети професорот на Факултетот за музичка уметност, Бојан Ортаков. Настанот беше отворен со настап на Градскиот хор „Гортинија“, под водство на Илија Атанасов, по што се обрати директорот на Библиотеката, Стефан Марковски.

# ГЕВГЕЛИСКИТЕ И ЈАБЛАНИЧКИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ СЕ ПОВРЗУВААТ



Во еднонеделна посета на општина Гевгелија престојуваа 12 средношколци со своите професори од збратимената општина Јабланица, Босна и Херцеговина. Оваа посета се оствари во рамките на Програмата за размена на РИКО - Супер училиште, која се спроведува меѓу 90 средни училишта во Западен Балкан, меѓу кои и СОУ „Јосиф Јосифовски“ од Гевгелија. Посетата на јабланичките средношколци на Гевгелија е возвратна посетата на гевгелиските средношколци, кои веќе престојуваа една недела во Јабланица. За време на средбите учениците учествуваа на работилници посветени на најразлични теми и активности за успешно градење на меѓукултурен дијалог и разбирање.

Учениците од двете училишта изградија мост на пријателство, му дадоа шанса на мирот спојувајќи ги учесниците како да се едно семејство.

При престојот во Гевгелија, средношколците од двете општини остварија средба со градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, на која се разговараше за соработка на двете збратимени општини, можностите за нејзино унапредување, како и за повеќе прашања кои ги засегаат младите во денешното општество. Градоначалникот Сарамандов изрази благодарност за посетата, надевајќи се дека оваа средба дополнително ќе ги зацврсти пријателските односи помеѓу двете општини. Средношколците од Јабланица ги посетија Народниот музеј и другите гевгелиски знаменитости, спортско - рекреативните центри, а го посетија и Скопје. Со своите домаќини учествуваа на работилници за значењето на соработката, позитивниот конфликт наспроти негативниот, како и натпреварот меѓу учениците кој може да донесе уште подобри искуства и практики.

Средношколците од гевгелиската Гимназија „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија заедно со своите професори, во февруари годинава престојуваа во посета на ЈУ Средно училиште „Јабланица“ во збратимената Општина Јабланица, Босна и Херцеговина. За време на посетата гевгелиските средношколци, заедно со своите врсници од ЈУ Средното училиште



„Јабланица“ остварија средба со градоначалникот на општина Јабланица, Емир Муратовиќ, кој ја нагласи важноста на континуираната соработка помеѓу Општините Гевгелија и Јабланица и значајноста на поврзувањето на младите преку образовните и културните проекти. Притоа, учениците го посетија музејот „Битка за ранетите на Неретва“ во Јабланица, бункерот на Тито, во Коњиц, градот Мостар и неговите знаменитости, а како симбол на новото пријателство засадија дрво во училишниот двор, во Јабланица.

Инаку, РИКО програмата се реализира преку регионалните размени на 90 избрани училишта во Западен Балкан со над 1.300 ученици, а истовремено и со примена на различни можности за градење на капацитети за 90 наставници. Од избраните супер-училишта 16 се од Албанија, 16 од Босна и Херцеговина, 5 од Црна Гора, 8 од Косово, 15 од Македонија и 30 од Србија. Секое партнерско училиште организира една размена на посета на училиштата, која трае до 7 дена, со група до 17 ученици и 2 наставници.

Проект на РЦОР- Гевгелија

# „ИНФОРМИРАЈ СЕ- АКТИВИРАЈ СЕ“ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА МЛАДИНСКОТО ОДЛУЧУВАЊЕ

Регионалениот центар за одржлив развој од Гевгелија го имплементира проектот „Информирај се! - Активирај се!“ преку кој младите се информираат и едуцираат како да се мотивираат себе си, но и другите за активно учество во општествените случувања. Проектот ќе се имплементира пет месеци, а е финансиран од Општина Гевгелија. Целта на Проектот е да се поттикнат младите на активно учество во процесот на креирање на младински политики и донесување одлуки во Општина Гевгелија.



Во прв ред, преку зајакнување на капацитетите на младите за креирање младински политики и учество во процесот на донесување одлуки и имплементација на Законот за младинско учество и младински политики, стекнување со вештини за организирање и имплементација на креативни младински иницијативи, како и воспоставување на комуникација и соработка помеѓу младите, локалната власт и советниците за за учество на младите во работата на општината. Целна група на проектот се младите од 15 до 29 години, посебно, членовите на Локалното младинско собрание и Локалниот совет на млади при Општина Гевгелија.

# ОБУКА НА ЛАГ „БОЈМИЈА“ ЗА ЗДРАВА ИСХРАНА ЗА ДЕЦА

Во просториите на игротеката “Kiddy Adventure“ во Гевгелија успешно беше реализирана Обуката за здрава исхрана за деца, за важноста на правилната исхрана од најмала возраст. Преку интерактивен пристап малите учесници беа запознаени со основите на здрава и балансирана исхрана, се дискутираше за тоа кои намирници треба да бидат редовен дел од нивната исхрана, а кои треба да се избегнуваат. Преку разни примери и активности, дечињата имаа можност да научат за важноста на зеленчукот, овошјето и протеините во нивната исхрана, како и за негативните ефекти на преработената храна и слатките.




Обуката вклучуваше и практична работилница, со можност децата да дадат свои идеи за здрава исхрана, но и да научат како да избираат здрава храна и да ја разликуваат од нездравата, но и како да ги прават здравите избори секојдневно. Обуката беше организирана од ЛАГ „Бојмија“, заедно со партнерите: Нутриционист Валентина Глигорова „БИДИ ЗДРАВ“, ЈОУДГ „Детска Радост“- Гевгелија“, ОО на Црвен крст-Гевгелија, „Маркети Солун 53“, како и „ Мрежата за рурален развој“.

# ВО СОУ „ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ“ ЌЕ БИДАТ ЗАПИШАНИ 286 УЧЕНИЦИ

Во учебната 2025/2026 година во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија ќе бидат запишани 286 ученици во прва година. Според распишаниот конкурс за запишување на ученици во средно образование од страна на Министерството за образование и наука во гевгелискиот Средноучилишен центар се предвидени 10 паралелки со настава на македонски јазик, според наставни планови и програми за:



Гимназиско образование - 102 ученици, 3 паралелки

Гимназиско образование - 34 ученици, 1 паралелка (македонско – англиска билингвална паралелка);

Сектор Угостителство и туризам - 50 ученици, 2 паралелки

- хотелско-туристички техничар, 4 години, во соработка со компании, 25 ученици во 1 паралелка;

- келнер/готвач, 3 години, во соработка со компании, 25 ученици во 1 паралелка;

Сектор Машинство - 50 ученици, 2 паралелки

- машински техничар за моторни возила, 4 години, во соработка со компании, 25 ученици во 1 паралелка;

- автомеханичар, 3 години, во соработка со компании, 25 ученици во 1 паралелка;

Сектор Економија, право и трговија - 25 ученици, 1 паралелка

- економски техничар/ бизнис администратор

Сектор Здравство и социјална заштита - 25 ученици, 1 паралелка

- забен техничар/ фармацевтски техничар

# ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА



Во СОУ „Јосиф Јосифовски" во Гевгелија успешно се спроведува Проектот „Промоција на безбедна училишна средина", кој во текот на две учебни години треба да даде придонес кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина. Проектот се спроведува во 11 средни училишта во државата од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за граѓанско образование, Првата детска амбасада „Меѓаши" и СМАРТ АП – Лабораторијата за социјални иновации, а со поддршка од Детската фондација Песталоци.

- Улогата на училиштето во превенција, препознавање и откривање на насилството врз младите е најзначајна, затоа што тие поминуваат најдолго време во училиштето и можат да се воочат и најмали промени кај нив. Заради тоа училиштето треба да создава клима во која младите ќе можат слободно да се доверат на наставниците, ќе се подучуваат како да кажат „не" на лица кои се насилни кон нив на кој било начин или од нив бараат невообичаени работи, како да се заштитат во различни ситуации и како ненасилно да се однесуваат и да ги разрешуваат конфликтите- вели координаторката на Проектот, педагогот Маја Проданова.

Досега, во Училиштето беа одржани две работилници на тема „Препознавање и справување со разни видови насилство", насочени кон Средношколската заедница. Овие работилници беа дел од активностите на иницијативата „Глас против насилството". Во рамките на Проектот, Драмската група „Дон Кихот" при СОУ „Јосиф Јосифовски" од Гевгелија ја изведе претставата „Крени глас, спречи насилство" во режија на професорката Даниела Цишева. Предвидени се и други активности преку разни форми.

# СРЕБРЕН МЕДАЛ ЗА СТЕФАН МЛАДЕНОВСКИ НА МЕЃУНАРОДНАТА ЕКОНОМСКА ОЛИМПИЈАДА



Ученикот Стефан Младеновски, од втора година гимназиско образование во СОУ„Јосиф Јосифовски" во Гевгелија, освои сребрен медал на Меѓународната економска олимпијада, за учениците од средните училишта. Гевгелискиот средношколец го освои медалот во индивидуалниот дел од натпреварот, каде учениците си ги одмеруваа своите знаења во областа на економијата и финансиската писменост. Натпреварот се состои од задачи и проблеми, кои бараат солидна математичко-логичка основа за решавање на проблеми од економија, а се одвива на англиски јазик.

На Меѓународната економска олимпијада годинава учествуваа над 2.000 ученици од 68 земји. СОУ „Јосиф Јосифовски" учествуваше со две екипи од по 5 ученици под менторство на професорите по економија и математика. Еден дел од натпреварот вклучуваше тимска работа на проект и презентирање на решението. Во овој дел двете екипи постигнаа солидни резултати и достојно го претставија гевгелискиот средноучилишен центар.

# "GEVGELIJA DANCE FEST 2025" ДОМАЌИН НА 613 ТАНЧЕРИ



Општина Гевгелија, во спортската сала „26 Април", беше домаќин на 616 учесника од 9 студија од Република Македонија на 2. по ред Танцов натпревар "GEVGELIJA DANCE FEST". На оваа „денс" смотра учествуваа: БС „Анабела"- Велес, „Старс"- Кавадарци, „Еурека денс"- Скопје, „Магија"- Пробиштип, „Марбал"- Скопје, „Мистик"- Гевгелија, "One Way"- Струмица, "Urban crew"- Кочани и "Urban crew"- Свети Николе. Учесниците се натпреваруваа во повеќе возрасти, почнувајќи од 4 години, и тоа во повеќе категории: солисти, дуети, групи, формации и продукции, кои се претставија со класичен и современ балет, џез, show dance, латино и урбаните стилови хип-хоп, street dance show, К поп. Организатор на 2. по ред "GEVGELIJA DANCE FEST" е Танцовото студио „Мистик" од Гевгелија.

# ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА НОВАТА АТЛЕТСКА ПАТЕКА



Во Гевгелија пуштена е во употреба новата Атлетска патека во спортско-рекреативниот центар „Касарна". Сефтето на оваа модерно изградена атлетска патека го направија најмладите атлетичари со почесна трка. На свеченото пуштање во употреба, меѓу голем број присутни граѓани, беа министерот за спорт и млади, Борко Ристовски и градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов. .

-Со големо задоволство присуствував на отворањето на оваа Атлетска патека, којашто на сегашните и на идните генерации атлетичари, рекреативци и љубители на спортот во Гевгелија ќе им овозможи подобри услови за тренинг и за натпреварување.  Ова е уште еден доказ за посветеноста на Министерството за спорт кон унапредување на спортот и создавање подобри услови за сите граѓани- истакна министерот Борко  Ристовски.

Градоначалникот Андон Сарамандов го изрази своето задоволство што уште една иницијатива на барање на граѓаните од општина Гевгелија е реализирана и што со изградбата на овој капитален спортски објект Гевгелија е застапена на атлетската мапа во Македонија.

- Овој проект има огромно значење за нашиот град, посебно за помладите генерации, од причина што Гевгелија, за прв пат, добива спортска инфраструктура што претставува основа за развој на секој еден друг спорт и е од особено значење за помладите, но и за рекреативците. Нашата заложба како локална самоуправа за обезбедување подобри услови за младите и идните генерации останува наш приоритет, рече градоначалникот Сарамандов.

Притоа, тој изрази благодарност до министерот Борко Ристовски, кој имаше слух и ја прифати иницијативата на Атлетскиот клуб „7 Ноември" од Гевгелија за обезбедување средства за реализација на овој спортски капитален објект. Атлетската патека околу спортскиот комплекс „Касарна" во Гевгелија е изградена согласно стандардите за спортска инфраструктура, во вкупна должина од 320 метра и четири траки со вкупна ширина од 5 метра.

# ГЕВГЕЛИЈА УСПЕШЕН ДОМАЌИН НА КОШАРКАРСКИОТ КУП „БЛАГОЈА ГЕОРГИЕВСКИ БУШТУР"

Гевгелија беше домаќин на Кошаркарскиот куп „Благоја Георгиевски Буштур" за 2025 година. На Купот, силите ги одмерија дванаесет кошаркарски екипи, од коишто четири беа во женска конкуренција. Гевгелија се покажа, по вторпат, како успешен домаќин на Кошаркарскиот куп, но и воопшто на големите спортски манифестации.

- Со  поддршка на Општина Гевгелија се потрудивме да бидеме добри домаќини, но во исто време, и бевме на чекор да го постигнеме најголемиот успех од постоењето на Кошаркарскиот клуб „Кожув", изјави претседателот на КК„Кожув", Александар Димитровски.

Гевгелиските кошаркари, со осум играчи од градот и домашен тренер, но и со голема поддршка од бројната публика стигнаа до финалето на Кошаркарскиот куп, каде што се сретнаа со МЗТ. И покрај



големата поддршка од навивачите, КК „Кожув" загуби од МЗТ Скопје со 61-86. Тимот од Аеродром едноставно во тој момент беше подобра екипа, поради тоа што има поголем ростер на играчи. Тоа го потврди и тренерот на „Кожув", Апостоли Апостолов, кој и покрај поразот беше задоволен од своите играчи.

- Ние игравме со двајца стопроцентно подготвени играчи, со еден тренинг на овој Куп, па стигнавме до финалето. Со младите играчи од Гевгелија сме на прав пат. Тоа што го имаме замислено ќе го оствариме, догодина да имаат сигурна минутажа во овој „Кожув"- изјави Апостолов.

## КОШАРКАРСКИ РАРИТЕТИ

Неверојатен натпревар одиграа кошаркарите на КК „Гевгелија“ на гостувањето во Кочани, во рамките на натпреварите од Третата кошаркарска лига. Дури три и пол часа и со четири продолженија траеше големата битка под кошевите на гевгелиските и кочанските кошаркари. Овој исцрпувачки натпревар долго ќе го паметат и домаќините и гостите. Натпревар кој еден кошаркар можеби го игра само еднаш во својата кариера. На крајот, се радуваа гевгеличани, кои постигнаа победа со 135:125.



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО ООУ „ВЛАДО КАНТАРЏИЕВ“

Започна реконструкција на подот во спортската сала во Оснонвното училиште „Владо Кантарџиев“ vo Gevgelija. По демонтажа на постоечкиот и дотраен дрвен под, ќе биде поставена нова бетонска плоча за порамнување, по што ќе следува аплицирање на современа хомогена ПВЦ подлога по нови стандарди. Со ова значително ќе бидат подобрени условите за непречено одвивање на училишните спортски активности. Проектот се спроведува во соработка со Министерство за образование и наука и има за цел континуирано вложување и подобрување на условите во образовниот процес.



**Атлетска хроника**

## ВЛАТКО СЕМЕНАКОВ ТРЕТ НА БЕЛГРАДСКИОТ МАРАТОН




Влатко Семенаков од Гевгелија го освои третото место во категоријата +40, на 38. Белградски маратон, на кој учествуваа 14.000 натпреварувачи од 74 земји. Пред тоа, гевгелискиот атлетичар освои два медала на Првото издание на атлетски митинг за ветерани Balkan athletics masters Open 2025, што се одржа, исто така, во Белград. Во трката на 1500 метри Семенаков го освои златниот медал, додека во трката на 60 метри беше трет и освои бронза.

## ВАЛЕНТИНА УЗУНОВА ТРЕТА НА ПОЛУМАРАТОН ВО КАВАДАРЦИ



Во Кавадарци се одржа 7. Кавадаречки полумаратон Meridian Athletic Club Kavadarci, каде што 500 тркачи се натпреваруваа во полумаратон, на 10 километри и на 5 километри. На полумаратонската трка Валентина Узунова во категоријата 51+, го освои високото трето место. На другите две трки трчаа и 13 членови на АК „7 Ноември“ од Гевгелија.

## НАСЕ ЕПОВ ПРВ НА ТРКАТА ВО НЕА МИСИМВРИЈА



Гевгеличанецот Насе Епов го освои златниот медал на Меморијалната трка Theodoros Paraskevopoulos што се одржа во Неа Месемврија, соседна Грција. Тој трчаше во главнатата трка, на 7,5 километри, постигнувајќи време од 28 минути и 25 секунди.

**Фото вести:**



Благојче Најдески беше најдобар шахист на третиот по ред турнир од серијата Гран При Март 2025 што се одржа во организација на на Шаховскиот клуб „7 Ноември“ во Гевгелија. По одиграните 7 кола, Најдески освои 6 поени и беше прогласен за победник. Инаку, турнирот се играше 7 кола според швајцарски систем со темпо 10 мин + 5 сек., а на него зедоа учество 14 шахисти.



Јована и Симона Дичеви и Тијана Гоцкова, членки на карате клубот КАТА ТИМ од Гевгелија, постигнаа значаен успех на Државното првенство за сениори за 2025 година, што се одржа во Скопје. Младите каратистки во категоријата на женски екипи го освоија третото место.



## СТАРТ НА МОТОСЕЗОНАТА

Со голем Меѓународен бајкерски собир во Гевгелија, беше означен почетокот на овогодишната мотосезона во нашата земја. Над 700 вљубеници во мотоспортот од земјата и странство беа пречекани од страна на членовите на Мотоклубот „Ретки птици“ од Гевгелија и Мото Асоцијацијата на Македонија, кои беа организатори на настанот. со Со обиколка низ градот и неколку часовно дружење на членовите на 30 мотоклубови од Македонија, но и од Србија и Грција, во центарот на градот официјално беше означен стартот на новата мото сезона.

## АПРИЛИЈАДА 2025

По повод Денот на шегата - 1 април, Пионерскиот дом во Гевгелија и годинава ја одржа традиционалната манифестација „Априлијада“. Поради трагедијата во Кочани, дечињата од детските градинки и од основните училишта, своите креативни решенија и групни маски ги претставија секој во својата градинка. Во сите основни училишта во општина Гевгелија учениците ги презентираа своите самостојни и групни маски, продолжувајќи ја традицијата, но и потврдувајќи ја својата креативност.



## ПОЕТСКО-МУЗИЧКА ВЕЧЕР „ЉУБОВНА“

Учениците од ООУ„Крсте Мисирков“ во Гевгелија со познати рефрени и песни за жената, настапија во Народниот театар во Гевгелија, во рамките на поетско-музичката вечер „Љубовна“. Во оваа успешна манифестација учествуваа ученици од рецитаторската секција, училишниот хор, оркестарот, кои заедно со наставниците изведоа музичко-сценски и балетски точки, според сценариото на наставничката по македонски јазик, м-р Мери Олумчева.




## „БОЈМИЈА“ ВО ЕДРЕНЕ

Ансамблот „Бојмија“ од Гевгелија успешно ја презентираше македонската култура и традиција на Балканскиот фолклорен фестивал во Едрене, Турција. На Фестивалот учествуваа 20 ансамбли од осум различни земји, кои со своите настапи го промовираа балканскиот фолклор. Учеството на „Бојмија“ на овој фестивал е значајно достигнување, бидејќи тие беа единствениот претставник од Македонија, успешно презентирајќи ја македонската култура и традиција пред меѓународната публика.



## УСПЕШНИ УЧЕНИЦИ - МАТЕМАТИЧАРИ

Шестмина ученици од СОУ„Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија постигнаа одлични резултати на 48. Регионален натпревар по математика што се одржа во Струмица. На натпреварот Првата награда ја освои Стефан Младеновски, II година, под менторство на Јасмина Папалазова; Втората награда ја освои Андреј Димов, II година, под менторство на Зоран Филов, додека ученичките Калина Лазарова и Теодора Сеизова, од I година, под менторство на Зоран Филов, ја освоија Третата награда.  Пофалница за успешно учество на Регионалниот натпревар освоија учениците од  I година, Илија Икономов и Марија Јанчева.



## УСПЕХ НА ФЛЕЈТИСТКАТА АНА ДИМИТРОВА

Ана Димитрова, талентираната ученичка во ООМУ„Васо Карајанов“ во Гевгелија, учествуваше на 22. Меѓународен музички натпревар „Даворин Јенко“, кој се одржа во Белград, Србија. Ана се натпреваруваше во категоријата флејта, во силна конкуренција на изведувачи од Србија и Бугарија. Како единствен претставник од Македонија во оваа категорија, Ана Димитрова ја освои Втората награда.



## МЕЃУНАРОДЕН  ДЕН НА ПИЈАНОТО

ООМУ „Васо Карајанов“ во Гевгелија го одбележа Меѓународниот ден на пијаното со пригоден концерт. Учениците по пијано, во класата на професорот Александар Лазаров, настапија со изведба на повеќе композиции на пијано во балетската сала на училиштето. Одбележувањето на Меѓународниот ден на пијаното, во организација на ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија, е дел од манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“, а младите пијанисти го посветија на жртвите од големата трагедија во Кочани.



## АСОВИТЕ БИРАА АСОВИ

Во Негорски Бањи се одржа 34. издание на манифестацијата „Асовите бираат асови“ во организација на Асоцијацијата на Спортските новинари од Југоисточна Европа и во соорганизација на МОК и Општината Гевгелија. Наградата „Најдобар спортист на Македонија“ ја понесе капитенот на ракометната репрезентација, Филип Кузмановски, “Најдобар тренер” и “Најдобар млад играч” им припаднаа на учесниците на последниот ракометен мундијал, Кирил Лазаров и Марко Митев, додека за спортски великан на годината беше прогласен Владимир Богоевски, спортскиот директор на МОК. Од Гевгелија, признанија добија Ристо Митановски и Петко Петков-Шеки за фудбал, Ѓоко Прошев за шах, Томица Главчев за кошарка, Ристо Попов за стрелаштво и Ангел Наков.














ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач Општина Гевгелија,
ул. „Димитар Влахов“ 4 Гевгелија
Тел/факс: 034/211211 | www.gevgelija.gov.mk | gevgelijainfo@gevgelija.gov.mk